**Д-р Ѓорѓи ТОНОВСКИ**

# НЕКОИ АСПЕКТИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Проблемот на интегрираноста на општеството е постојано актуелен во човековата цивилизација. Историјата сведочи за настанување и распаѓање на бројни држави и империи. Овој проблем има своја специфична тежина и во современиот свет, особено на крајот од XX-от и почетокот на XXI-от век. Процесите на транзиција и трансформација на таканаречените социјалистички општествени уредувања и процесите што се одвиваат на планот на националното, проследени со националните движења во Третиот свет покажуваат дека прашањето на општествената интеграција сè уште не е целосно заокружено. Ако општествената интеграција ја третираме како еден сложен комплексен феномен тогаш задача и на општествената теорија и на општествената практика е да ги истражува бројните компоненти кои придонесуваат за поголема или помала интегрираност на поединечните општества.

Притоа, анализата покажува дека една од овие компоненти е односот што се воспоставува помеѓу различните етникуми кои ги сочинуваат поединечните општества. Речиси и не постои земја во светот која е чисто еднонационална. Мигративните процеси низ историјата придонесоа различни етникуми со свои специфики на општествен живот да живеат во исти државни творби и да етаблираат меѓусебни релации во заедничкото живеење. Од карактерот на овие релации во голема мера зависи и карактерот на социјалната организација, но и степенот и интензитетот на општествената интеграција и стабилноста на самата државна творба. Имено, врз степенот на стабилноста и на интегрираноста на социјалниот организам свое влијание има односот на центрипеталните и центрифугалните сили во него. Социјалниот организам е жив и динамичен организам чие опстојување и просперитет е во корелација со јачината и квалитетот на внатрешните кохезивни сили кои истовремено треба да им се спротиставуваат на екстерните и интерните сили кои се стремат да го деструираат овој организам. Ако популацијата претставува кон-

ститутивен елемент на општеството воопшто и на општествата поединечно и ако таа популација е составена од одделни етникуми, кои можат да делуваат центрипетално или центрифугално, тогаш е јасно значението и влијанието на нивните меѓусебни релации за стабилноста и интегрираноста на општествата и човештвото воопшто.

Базична карактеристика на односите помеѓу етничките групи во мултиетничките општества е **тензијата**, односно свеста кај секого дека другиот е нешто друго, нешто поинакво, нешто различно. „Така, во бројните социолошки и политички дискусии општо е прифатено дека кон луѓето со поинакви физички или културни карактеристики се однесуваме во најмала мера барем со извесна претпазливост, ако не со вистинско непријателство, отколку тие разлики да ги сметаме за атрактивни бидејќи тие нудат дополнување или проширување на нашето искуство“.[1] Човекот нужно припаѓа кон одреден етникум кој е составен од луѓе кои ги имаат неговите карактеристики, покомотно и сигурно се чувствува во таквата средина на „своите луѓе“ и природно е наспроти оние кои ги немаат тие карактеристики. Тоа американскиот ран социолог Гидингс го нарекува „свест за видот“.[2] Подоцна оваа теза беше прифатена од оние социолози кои се базираа на социјалната биологија. Ван Ден Берге, на пример, смета дека хуманите суштества, како и другите припадници на животинското царство имаат генетски базирана тенденција кон, како што тој го нарекува, **непотизам**, иако оваа тенденција е поставена пошироко од блиските „внуци“ кон пошироките групи кои видливо имаат слични карактеристики: очигледни физички карактеристики и културно однесување.[3]

Тоа групирање на луѓето е проследено и со цел еден сплет на издвоени и специфицирани **интереси** во врска со егзистенцијата на самиот етникум и во однос на другите етникуми со кои се живее на определена територија, но и со сопствени културни карактеристики кои ја сочинуваат самобитноста на етникумот и го диференцираат од другите етникуми. Таа диференција-

1 John Rex, во Зборникот: "The New Introducing Sociology" - Penguin Books, 1992, стр. 301.
2 Giddings, F.H. - The Elements of Sociology - Macmillan, New York, 1898.
3 Van Den Berghe - The Ethnic Phenomenon - Elsevier, 1983.

ција, покрај етничката и културната посебност, во некои општества е базирана и врз фактичката или расната посебност. Сево ова го отвора проблемот како да се регулираат односите помеѓу самобитните етникуми, како да се овозможи нужен степен на комуникација помеѓу нив и со тоа да се одржува општествената интеграција.

Согледувајќи ја специфичната тежина на проблемот на расната и етничката диференцијација и конфликтните состојби што можат да произлезат од тоа, некои автори, анализирајќи ја, пред сè, состојбата на овој план во поранешните колонијални земји кои тие ги нарекуваат „плурални општества", си го поставуваат воедно и прашањето кој е оној фактор што ги држи овие различни етнички сегменти заедно во едно општество.

Според Ј. С. Фурнивал плуралното општество е ситуација во која подвоените луѓе или етнички групи ги организираат своите подвоени заедници држејќи се со помош на своите издвоени религии и култури. Ова оди дотаму што тоа дури дава печат и на целата општествена поделба на трудот во тие општества. Тој смета дека вака расцепканото општество се одржува преку пазарот, односно преку некаков брутализиран, бездушен пазар.[4]

М. Г. Смит смета дека средството кое го обезбедува заедништвото на колонијалното општество е политичкото уредување, односно државата како политичка институција која се распростира над сите луѓе на определена територија.[5]

Марксистичкото гледање поаѓа од прецизно подрачје – економските односи и смета дека анализата на секое општество треба да почне од начинот на производство.

Горенаведените гледања упатуваат, како што пишува проф. Џон Рекс, дека „тука има три клучни елементи кај Фурнивал, Смит и кај марксистите... пазарните закони, политичката доминација и начинот на производство". Очигледно е дека **сите** тие елементи треба да се земат предвид при анализата на колонијалното општество, покрај „економското" објаснување или

4 J. S. Furnival - Netherlands India - Cambridge University Press, 1939; Colonial Policy and Practice: A Comparative Study of Burma and Netherlands India - Cambridge University Press, 1948.

5 M. G. Smith - The Plural Society in the British West Indies - University of California Press, 1965.

„политичкото“ објаснување нам ни е потребно објаснување во духот на **политичката економија**, и повеќе од тоа, објаснување кое ќе води сметка и за историјата и за културните различности.[6]

Во етаблирањето на интеретничките релации во поодделните општества има неколку искуства: **прво**, систем на апсолутна доминација од секаков вид на еден етникум врз сите други етникуми на одредена територија; **второ**, систем на гето; **трето**, систем на мултикултура; **четврто**, систем на „паралелни светови“, помеѓу кои постои ниско ниво на нужна комуникација, пред сè во производната сфера; **петто**, систем на кооперација, колаборација и компетиција или на целите етникуми, или барем на нивните елити; **шесто**, систем на прикриен или отворен конфликт, проследен со вооружени судири, терористички акции и сл.

Додека првите пет искуства обезбедуваат извесен нужен степен на стабилност и интегрираност на општеството, шестото искуство може да ескалира во меѓуетнички конфликт кој може и дефинитивно да ја разруши стабилноста и интеграцијата на државната творба. Тоа значи дека етничкото прашање и етничкиот конфликт се јавуваат како еден од суштинските фактори на општествената интеграција. Нивното влијание се чувствува доста интензивно во современиот свет. Во оваа деценија бројни привидно монолитно-општествено интегрирани држави и заедници од држави се распаѓаат, а деловите се претвораат во автономни и суверени држави базирани, пред сè, врз етничкиот принцип. Од задничата на тезите и практиката за таканаречената „социјалистичка нација“, „решеното национално прашање во федеративната заедница“, „братството и единството“ и „пролетерскиот интернационализам“ се појавија бројни етникуми (некои и недоволно познати дотогаш за пошироката светска јавност) со свои аспирации за формирање свои посебни држави или за приклучување кон матицата земја. Навидум монолитните федерации се распаднаа, покрај другото, и како последица на етничката делба и конфликт кој ескалираше на повеќе места дури и со воени судири на дотогашните привидно братски народи. Белег на проце-

6 John Rex - Ethnicity and Race - во Зборникот: "The New Introducing Sociology" - Penguin Books, 1992, стр. 318/319

сот на распаѓањето на таканареченото социјалистичко уредување и процесот на транзиција во федеративните заедници е и меѓуетничкиот конфликт (и воен конфликт) кој водеше кон општествена дезинтеграција (поранешни СССР, СФРЈ, Чехословачка).

Конфликтот како општествен феномен е познат и присутен во социолошките теоретски расправи, особено во марксистичката и Веберовската традиција. Впрочем, тој се јавува и како камен–граничник помеѓу двете големи теоретски ориентации во современата социолошка мисла: марксистичката и функционалистичката. Додека функционалистичката ориентација го нагласува консензусот, а конфликтот го смета како причина за општествената нестабилност и неспоив со потребата од социјален еквилибриум, дотогаш марксистичката теоретска ориентација конфликтот го смета за неодминлив факт во општественото битие, дека од интензитетот на конфликтот зависи и степенот на општествената интеграција и социјалниот мир и дека кога ќе го достигне својот максимум тој треба да се разрешува по револуционерен пат. Оваа ориентација е уште позната како „теорија на конфликтот“.

Оставајќи ги настрана идеолошките моменти од научната конструкција на теоријата на конфликтот, општественото искуство очигледно покажува дека конфликтот е иманентен на општественото битие и дека битно прашање е како тој да се „смекнува“, а не да се негира неговото постоење. Иако Маркс основниот акцент го става на конфликтот кој се манифестира на класна основа како конфликт помеѓу сопствениците и несопствениците на средствата за производство, збиднувањата во современото општество го актуелизираат другиот конфликт кој иако долго присутен во човековата историја сега нагласено се појавува, а тоа е расниот и етничкиот конфликт. Дури, во многу ситуации класниот конфликт му го отстапува местото на расниот и етничкиот конфликт. На националното потоа може да се надоврзе национализмот, шовинизмот, итн. Збиднувањата во општествата во транзиција покажуваат дека во дадени моменти националната идентификација е посилна од класната идентификација, првенствено во оние земји во кои постои нагласено различен национален состав на населението, иако овие земји можат да почиваат на идеологијата дека се тоа развиени социјалистички оп-

штества во кои власта е на работничката класа, а со тоа класното го надминало националното. Меѓутоа, исто така, во дадени ситуации на нагласена економска криза и отсуство на стабилни мерки на државната политика за надминување на кризата, класниот интерес ги надминува етничките и расните делби. Следејќи го својот класен интерес сите се солидаризираат вршејќи разни притисоци врз елитите и власта за разрешување на проблемите на животниот стандард.

За општествената теорија и практика, особено во демократско-цивилизираните земји, од големо значење е да се согледаат факторите кои го предизвикуваат, но воедно можат и да го намалат интензитетот на етничкиот конфликт. Односно, ако етничката разноликост на едно општество не мора сама по себе да води кон конфликтна состојба и општествена дезинтеграција, како таа разноликост да се претвори во фактор на стабилна и цврста општествена интеграција. Натаму, дали истите фактори кои се јавуваат како дезинтегративни, можат видоизменети да се претворат во фактори кои интегрираат, без оглед на етничката разноликост (на пр. политиката, економијата, културата, општествениот амбиент итн.).

Во теоретските расправи по ова прашање обично се наведува дека основа на етничкиот конфликт можат да бидат три битни фактори: политиката, економијата и културната различност. Меѓутоа, имајќи ја предвид сложеноста на релацијата помеѓу етничкото и општествената интеграција, сметам дека треба да се земат предвид поголем број фактори кои ја помагаат или одмагаат општествената интеграција, го интензивираат или смекнуваат етничкиот конфликт. Без претензии за целосен опфат на овие фактори би се задржал на неколку од нив:

– **Културната различност или културниот плурализам.** Општо е познато дека секој етникум има свое културно специфично обележје. Таа култура може да биде со долга или покуса традиција во случај кога под влијание на одредени историски околности, особено со прифаќање или наметнување на туѓа култура или религија, се прекинува културната традиција и се востановува нова културна традиција која може да биде радикално поинаква од претходната. Ова може да значи и воспоставување на поостра тензија помеѓу етникумите кои живееле и живеат заедно на определена територија, односно создавање на поголема

општествена дистанца помеѓу нив или прекинување дури и на можните роднински врски. Во секој случај, постоењето на повеќе етникуми на една територија значи и постоење на повеќе култури. Културниот плурализам може да биде: **домицилен**, кога од дамнина еден до друг живеат етникуми со различни културни системи; **увезен**, кога тој културен плурализам се јавува како резултат на миграционите процеси и на економската принуда, па големи групи од други етникуми однадвор се доселуваат на територијата на еден етникум кој е на повисоко ниво на економскиот развој носејќи го со себе и чувајќи го целиот свој специфичен културен склоп; и **востановен**, кога, исто така, под притисок на економската принуда бројни групи од различни етникуми ширум светот ги населуваа континентите во кои постоеше племенско уредување. Целата култура во тие новонаселени земји се базираше на мултикултурата. Притоа, официјална политика по ова прашање во овие нови земји е слободата за негување и изразување на културните специфики на секоја народна група, но со еден званичен јазик.

Привидниот културен монизам во кој званично се признаваше само една култура на најголемата и за јавноста единствена етничка група со процесите на демократизација во многу земји отстапува. Културниот плурализам во поодделни земји се појавува во повеќе варијанти: **прво**, доминација на културата на најбројната нација, но и непречена афирмација на помалите култури; **второ**, постоење на две подоминантни култури на најбројните народи и други помали култури и **трето**, постоење и непречена афирмација на сите култури без разлика на бројноста на етничките групи. Екстремна ситуација е кога имаме доминација на една култура и негирање на другите култури. Во секој случај, културниот плурализам може да се остварува непречено и, воедно, да не биде извор на етнички конфликти, само во услови на демократски општествени односи и одживеан национализам и шовинизам.

Меѓутоа, во услови на културен плурализам останува отворено прашањето на процесот на акултурација, т.е. дали присутните културни системи имаат меѓусебни допирни точки или се работи за одвоени и паралелни културни системи особено кај оние кои се фундирани врз различни религии. Отежнатиот процес на акултуризација може да биде извор на тензија, а не е ис-

клучено, и на конфликт. Потребна е голема општествена умешност и соодветен инструментариум за обезбедување на интеграцијата во ваквите општества. Излезно решение е, исто така, и респектирање на различностите. Различните културни системи често поретко контактираат на понискoто ниво (на нивото на обичаи, религиозни обреди, фолклор итн.), а повеќе на повисоките нивоа на културната креација (литература, уметност, наука, итн.). Соработката помеѓу културните елити на различните етникуми се јавува како можност за процесот на акултурација што може позитивно да се одразува врз општествената интеграција.

– **Општествениот амбиент** е, исто така, значаен фактор на квалитетот и степенот на општествената интеграција. Во врска со ова многу значајно прашање е **традицијата** во односите помеѓу различните етникуми – дали тие имале низ историјата на заедничкото живеење на определена територија определено ниво на меѓусебна комуникација, толеранција, доверба и пријателство помеѓу себе или обратно. Натаму, дали тој општествен амбиент е обележан со фаворизирање на определен етникум за сметка на другите кои се наоѓаат во состојба на потчинетост, пониженост, принуда, експлоатација и дискриминација, состојба која е податлива за „жежок“ расен и етнички конфликт, или пак е тоа општествен амбиент на слободно негување и изразување на сите култури. Од квалитетот на општествениот амбиент зависи и степенот на **патриотизам** на одделените етникуми кон заедницата, особено оние на кои во непосредна близина им е матицата земја и кај кои се јавуваат иредентистички тенденции. Во неквалитетен општествен амбиент дури и општествената поделба на трудот добива етнички обележја. Комуникацијата помеѓу етникумите во вака етнички обоената општествена поделба на трудот се одвива на повисоките скалила од општествената стратификација, додека пониските слоеви на популацијата во ваква ситуација ретко или никогаш не доаѓаат во контакт помеѓу себе. Тие едноставно само живеат во иста државна творба.

Квалитетен општествен амбиент е оној кој дава можности за **општествена мобилност** без оглед на етничката припадност на индивидуите, туку тие врз основа на своите квалитети да остваруваат „целосно учество во едно отворено и индивидуалистичко општество, преку реална перспектива за возможности за напредување кон највисоките позиции“ (Рекс).

Во таков општествен амбиент треба да се менува и самата содржина на **доминацијата**. Таа, од доминација на етнички и други општествени групи врз другите, треба да се трансформира во доминација на квалитетот на секој поединец над неквалитетот на другите. Комуникацијата помеѓу припадниците на различните етникуми поединечно, во такви услови, нема да води сметка, пред сè, за нивната етничка припадност, туку дали со заеднички здружени сили може да се постигне посакуваната креација за тие поединци (на пример на планот на културата, бизнисот, едукативното усовршување, науката итн.).

– **Односот мнозинство-малцинство**, кој значи дека најбројниот народ ја носи и најголемата одговорност за непречена афирмација на државата и другите етникуми во неа, но и дека и другите малцински етникуми имаат своја одговорност во афирмацијата и растежот на државата во која и тие ја остваруваат својата егзистенција.

– Исто така, од големо значење е **свеста** кај сите од постоењето на националистичките тенденции кај сопствениот народ и ползата за сите етникуми од стеснувањето на просторот за пројавување и делување на овие тенденции.

– **Политиката и економијата** се фактори кои ја обезбедуваат општествената интеграција, но можат да бидат и фактори на општествена дезинтеграција. Државата и другите институции на системот со своите средства ги обезбедуваат рамките на заедницата, а нивното затајување може да резултира со растурање на заедницата на помали делови. Но мошне битно прашање е прашањето на политичката и економската моќ. Односно, како според етничкиот состав на определена државна творба, се распределени политичките и економските ресурси. Демократските општествени процеси и односи и развиената пазарна економија можат да овозможат здрава компитиција на сите припадници на едно општество без разлика на нивната етничка припадност кон политичките и економските ресурси, при што настанува состојба на соработка помеѓу политичките и економските елити од сите етникуми. Со тоа и опасностите од етнички конфликт се намалени.

**Dr. Georgi Tonovski**

## *On the paper "Some aspects of the social integration"*

*Summary*

*The social integration is quite an important and complex process the quality of which depends the stability or unstability of a certain state and its social order.*

*There are number of factors influencing the quality of social integration the social traditions, the social ambient, the relationships between different ethnic groups in certain society, the character of the political system, the relation between the majority and minority in one state from the ethnic point of view, etc.*

*The social integration depends on these factors which are in dialectic relationship. They have to be treated from the point of view of the processes of democratization and humanization of the society. These processes are remarkable quality in the temporary world which becomes more integrated and more humanized one.*